Уп. бр. 08- 54

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од СИНОТ В, а.с. (SYNOT W, a.s.), со регистрирано седиште на: Јактарже (Jaktare) 1475, Маржатице (Maratice), Ухерске Храдиште (Uherske Hradiste), поштенски број 686 01, Република Чешка, доставено преку Мартин Тодоровски, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 12.06.2019 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која СИНОТ В, а.с. (SYNOT W, a.s.), со регистрирано седиште на Јактарже (Jaktare) 1475, Маржатице (Maratice), Ухерске Храдиште (Uherske Hradiste), поштенски број 686 01, Република Чешка ќе стекне контрола над Друштво за угостителство и игри на среќа ТХЕ-СЛОТС ДОО Скопје, со седиште на ул. Наум Наумовски Борче бр. 50/5, Скопје, Република Северна Македонија, преку купопдоражба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата  за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## **О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 20.05.2019 година, а дополнето на 27.05.2019 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од СИНОТ В, а.с. (SYNOT W, a.s.), со регистрирано седиште на Јактарже (Jaktare) 1475, Маржатице (Maratice), Ухерске Храдиште (Uherske Hradiste), поштенски број 686 01, Република Чешка, со која СИНОТ В, а.с.  има намера преку стекнување на удели, да стекне контрола над Друштво за

угостителство и игри на среќа ТХЕ-СЛОТС ДОО Скопје, со седиште на ул. Наум Наумовски Борче бр. 50/5, Скопје, Република Северна Македонија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

1.СИНОТ В, а.с. (SYNOT W, a.s.), Република Чешка, ги врши следите деловни активности: угостителска дејност, дејност на сметководствени советници; вршење на летачка дејност за сопствени потреби; работа со апарати за играње;овозможување на технички услуги за заштита на имот и лица; производство, инсталација, поправки на електрични апарати, електронски и телекомуникациски уреди.

СИНОТ В, а.с. (SYNOT W, a.s.), Република Чешка, во Република Северна Македонија е присутен преку својата подружница СИНОТ ВВ. а.д. Ухерске Храдиште - Република Чешка - Подружница во Република Северна Македонија – Скопје, со седиште на Орце Николов бр.206-1/17 Скопје, чија дејност е изнајмување и давање под закуп (лизинг) на останати машини.

2.Друштво за угостителство и игри на среќа ТХЕ-СЛОТС ДОО Скопје, со седиште на ул. Наум Наумовски Борче бр. 50/5, Скопје – Центар, Република Северна Македонија, чија дејност е – дејности на коцкање и обложување. ТХЕ-СЛОТС ДОО Скопје поседува лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 в) ii) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Д-р Владимир Наумовски**